**20260210311**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 став (1) алинеја 10 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 148/25, 160/25 и 258/25), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ КОИ СЕ ВО ВИСИНА НА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА НЕГОВО ПОЛАГАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се определува висината на трошоците за полагање на стручниот испит за извршување на работите на регистрација на возила во правните лица за регистрација на возила, кои се во висина на реално потребните трошоци за негово полагање.

Член 2

Висината на трошоците за полагање на стручниот испит од членот 1 од овој правилник, изнесува 9.000,00 денари.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 март 2026 година.

Бр. 13.1.1-21446/1
30 јануари 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.